ПОГЛЕД КОН КНИЖЕВНИТЕ СПОМЕНИЦИ ОД ОХРИДСКАТА КНИЖЕВНА ШКОЛА ОД X-XI ВЕК

д-р Михајло Гергиевски

При крајот на 9 и почетокот на 10 век кај јужнословенските народи работат две силни книжевни школи: Преславската и Охридската. Нивниот почеток непосредно е сврзан со просветителската и книжевна дејност на Кирилометодиевите ученици и следбеници.

Преславската книжевна школа го опфака манастирскиот комплекс во Преслав и Плиска со нивната околина, којашто својот златен период го доживува за време на цар Симеон, ревносниот продолжувач на делото на неговиот татко кнез Борис Први, којшто се одликувал со висока култура образование и книгољубивост. Тој, заедно со својот чичко црноризецот Докс формирал богата дворска библиотека во којашто ги собрал највредните дела од христијнската литература како што се: богословските енциклопедии, делата на античките и христијански историчари, богословско-природнонаучни дела, географски описи, зборници од црковното законодавство, делата на црковните отци, библиски книги со толкување и др.[1]

Во такви благопријтни услови за книжевна и културно-просветан дејност се истакнаа неколку видни писатели и преведувачи како што се Епископ Константин Преславски, Јоан Егзарх, Црноризец Храбър, потоа преведувачите презвитерите Григорај, Јоан и др. Тие создадоа вредни дела и ја збогатија средновековната христијанска литература, како оригинална така и преведувачка.

Охридската книжевна школа е формирана од најталентираниот кирилометодиев ученик св. Климент Охридски, на којшто по кратко време му се придружил и неговиот духовен брат св. Наум Охридски во областа Кутмичевица, со центар во Охрид, при крајот на 9 и почетокот на 10 век. Тие ја продолжиле книжевната и просветителска традиција на нивните учители светите солунски браќа Кирил и Методиј.

Во рамките на Охридскат а книжевна школа се одвивала богата книжевна и просветителска дејност предводена од св. Климент и св. Наум Охридски како и од нивните ученици, соработници и следбеници.

Манастирите Св. Пантелејмон подигнат од св. Климент Охридски и манастирот Св. Архангел Михаил и Гавраил подигнат од св. Наум Охридски на брегот на Охридското Езеро станале вистински центри на преведувачка, препишувачка и оригинална литературна дејност. Во создавањето на оригинални книжевни дела несомнено првото и најзначајно место му припаѓа на св. Климент Охридски. Тој е автор на голем број поучителни и пофални слова, химнографски дела и житија. Се мисли дека е автор на опширните житија на св. Кирил и Методиј. За негово дело се смета Службата на св. Кирил Солунски и заедничката

Служба за св. Кирил и Методиј. Тој е автор и на Каноном посветен на Претпразненство на Рагањето Христово и многу други.[2]

Покрај св. Климент Охридски исто така и св. Наум Охридски пишувал оригинални дела. Познато негово дело е Каноном посветен на апостол Андреј.[3]

Во Охридската книжевна школа се создадени и Житијата на св. Климент и Наум Охридски како и Службите за нив.

Покрај оригиналната литература, од огромна важност е и преведувачката дејност на христијанска литература од грчки на словенски јазик, како и обемната препишувачка активност на богослужбени книги за обавување на црковната богослужба во македонските цркви и манастири.

Од времето на св. Климент и Наум Охридски до наши дни не е зачуван ниту еден книжевен споменик во оригинална форма. Тие се познати само во преписи, почнувајќи од 10 век па наваму.

Во почетниот период, во Охридската книжевна школа се пишувало со обла и аглеста глаголица, а потоа со кирилица.

Меѓу најстарите книжевни и културно-историски споменици, создадени во Охридската книжевна школа, а сочувани до денес, напишани со глаголица се следните:

1. Зографско евангелие. Тоа е голем глаголски, книжевен културно-историски споменик напишан со обла глаголица во 10 век. Содржи 305 пергаментни листови од кои 288 се пишувани со глаголица и претставува текст на четвороевангелие, додека крајните 16 листови се пишувани во 13 век со кирилица и претставуваат синаксар. Еден дел од текстот на Матеј т. е. 17 листови бил изгубен и во почетокот на 12 век е дополнет со истото четиво, со аглеста глаголица. Овие 17 листови се палимпсестни (избришаниот текст е пишуван со обла глаголица). Овој значаен книжевен споменик е откриен во 1843 година во Зографскиот манастир од австрискиот конзул во Солун, Антун Михановиќ. Веднаш по неговото откривање предизвикал голем интерес во славистиката, така што во 1856 година И. И. Срезневски[4] објавил фрагмент од текстот од овој споменик, а целиот со кирилска транскрипција, го издал В. Јагич во 1879 година[5].

Во ракописот се срекаваат ред јазични особености карактеристични за старословенскиот јазик, меѓу кои и асимилација на еровите во слаба позиција.

Орнаментиката во ракописот е доста скромна. Во почетокот има убаво знаменце и се срекаваат иницијали во почетокот на деловите на одделните евангелисти.

Овој значаен книжевен споменик денес се чува во Петроградската публична библиотека под сигнатура Глаг. 1.

2. Асеманово евангелие. Се мисли дека тоа најубав сочуван старословенски книжевен споменик. Напишан е со убава обла глаголица во втората половина на 10 век. Неговото настанување се поврзува со

Охридската книжевна школа. Содржи 158 пергаментни листови. По содржина претставува изборно евангелие (апракос) со месецослов. Во науката преовладува мислењето дека во овој ракопис е зачуван текст којшто е најблизок до кирилометодиевиот превод на евангелието. Во неговиот пак месецослов се срекаваат најстарите споменувања на паметта на светите солунски браќа Кирил и Методиј и св. Климент Охридски. Интересно е и тоа што месеците од септември до март ги носат своите стари словенски имиња. Ова евангелие е најбогатиот орнаментиран глаголски споменик сочуван до денес. Орнаментиката му е изразена преку разнобојните знаменца и иницијали, изработени во геометриско - плетен стил, со растителни, антропоморфни и зооморфни мотиви. Во него се срекаваат 13 иницијали со претстави на лица и событија од Евангелието и Синаксарот. Општо орнаментиката му е старинска и оригинална. Во неа нема некое силно влијание од тогашните водечки цариградски илуминаторски школи. Во него доаѓа до израз автохтоноста, самостојна илуминаторска и јазична традиција што е главен белег на Охридската книжевна школа.

Овој значаен споменик го пронашол во 1736 година, во Ерусалим префектот на Ватиканската библиотека Јосиф Симон Асемани, којшто по неговата смрт станал сопственик на Ватиканската библиотека, каде што и денес се чува под сигнатура Код.Ват.Слав.[3].

Поради својата важност Асемановото евангелие неколку пати досега е издавано и тоа: првпат во Загреб 1865 година, со глаголица од Фрањо Рачки, вторпат во Рим, во 1878 г. од Иван Чрнчик, третото издание е фототипно, издадено во Париз, во 1929 год. од Јосиф Вајс и Јосиф Курц, четвртото издание е со кирилска транскрипција, издадено во Прага во 1955 год. од Ј. Курц[6].

3. Охридско евангелие (охридски глаголски листови). Содржи два пергаментни листови од XI век.

По содржина претставува дел од изборно евангелие т. е. апракос. Пронајдено е во Охрид во 1845 година од рускиот славист Виктор Григорович, а сега се чува во Одеската државна библиотека под сигнатура 1/2 (532).[7] Првпат е издадено од Срезневски во 1866 година[8], потоа од Грунски во 1906[9] и Илински во 1915 год.[10].

Главна карактеристика на овој книжевен споменик е типот на глаголското писмо коешто бележи преод од рана аглеста глаголица кон обла.

4. Синајски псалтир. Овој вонредно интересен книжевен споменик е напишан во Охридската книжевна школа во XI век со аглеста глаголица од тројца пишувачи. Ракописот е пронајден во 1850 год. од архимандритот Порфириј Успенски во Синајскиот манастир Св. Катерина, каде што и денес се чува под број 38. Отпрво од овој споменик биле пронајдени 177 листови, а во поново време се откриени уште 32 листа, така што сега содржи вкупно 209 листови.

Значајно за овој глаголски псалтир е покрај другото и тоа што тој стои најблизу до Кириометодиевиот превод на псалтирниот текст. Во него најпоследователно е изразена вокализацијата на еровите во силна позиција во О и Е. Во ракописот се срекава и честа замена на ѫ с ѹ. Се употребува само еден знак за ѧ и ѩ, коешто во кирилска транскрипција се изедначува со ѩ. Тоа се воглавно и најраните фонетски карактеристики на книжевните споменици настанати во Охридската книжевна школа. Прв пат овој споменик е објавен од Л. Гејтлер во Загреб 1883 год., потоа 1922 од С. Северјанов во Петроград[11]. Во поново време фототипно е издаден од Моше Алтбауер во 1971 год. и новооткриените 32 листови од Тарнанидис во 1975 год.[12].

5. Синајски требник (синајски молитвеник, евхологиј). Пергаментен глаголски споменик од XI век. Се чува во манастирот Св. Катерина на Синај, пронајден од П. Успенски во 1850 год., а еден лист од него во 1885 год. бил однесен во Русија и сега се чува во Државната библиотека во Санкт Петербург под број глаг. 3. Во 1975 година во манастирот Св. Катерина се откриени уште 28 листови така што денес од овој значаен книжевен споменик се познати вкупно 134 листови.

Ракописот по содржина претставува комбинација од требник и служебник. Тој е најархаичен вид на тој богослужбени книги. Во него се вклучени разни обреди и молитви за разни случаи како што се на пример молитви за болни, за жетва, за погреб, за маслосвет, за голем водосвет, за воведување во монашки чин, молитви за вечерната на Педесетница и др. Во него се срекаваат и оригинални словенски творби како што се на пример „Чин за исповедание“, коешто се смета за творба од Св. Климент Охридски и епитимејната статија „Заповеди на Св. Отци“, којашто се поврзуваат со книжевната дејност на Св. Методиј во Моравија[13].

Главна фонетска карактеристика во јазикот на овој книжевен споменик е впрочем како и во другите македонски ракописи, вокализацијата на еровите во јака позиција во О и Е и со доста силна застапена вокализација на редуцираното ѝ во јака позиција кон е.

Спомеником неколкупати е издаван и тоа: во Загреб 1882 год. од Л. Гајтлер, фототипно во Љубљана во 1941 год. со кирилска транскрипција во 1942 од Рајко Нахтигал и во поново време фототипно издание на новооткриениот дел од Тарнанидис во 1988 год.[14].

6. Македонски глаголски листови или Рилски глаголски листови, од XI век, вкупно 8 пергаментни листови напишани со обла глаголица, а пронајдени во подврзијата на зборникот „Андријанти“ напишани од Владислав Граматик во 1473 год. во манастирот Матејче - Кумановско, однесен уште во старо време во Рилскиот манастир каде што и сега се чува под број 3/5. Делови од овој значаен книжевен споменик се откривани на етапи и тоа: во 1845 год. од В. Григорович, во 1880 од К. Иричек и во 1936 год. од Ј. Иванов.

Откриените листови од В. Григорович од него се однесени во Русија и денес се чуваат во Академијата на науките во Петроград под сигнатура 24.4.15, останатите делови од ракописот се чуваат во Рилскиот манастир под број 3/6 (14).

Македонските глаголски листови се откинати од стар голем кодекс којшто го содржел Паренесисот на Ефрем Сирин и некои великопосни молитви, кои најверојатно, претставуваат оригинални словенски книжевни творби. Според правописот и графијата овој книжевен споменик е сличен со Асемановото евангелие и Синајскиот требник.

Делот од овој споменик што В. Григорович го однел во Русија е издаден од Г. А. Илински во 1909 год. под наслов „Македонски глаголски лист“[15], а комплетно целиот споменик е издаден од И. Гошев во 1956 год. под наслов Рилски глаголски листови[16].

7. Маринско евангелие. Голем глаголски книжевен споменик од X-XI век, со вкупно 173 пергаментни листови испишани со обла глаголица. Споменикот го пронашол В. Григорович во 1845 год. во Светогорскиот скит „Св. Дева Марија“ (Св. Богородица), според кое го добил и своето име и истиот со вкупно 171 лист ги однел во Русија каде што и сега се чува во Државната библиотека во Москва под сиг. Григ 6 (или Муз. 1689). Два листа од овој ракопис ги нашол А. Михановић во Солун во средината на XIX век познати како Михановичеви листови кои што сега се чуваат во Виенската национална библиотека под сиг. Cod. Slav. 146.

Според јазикот овој книжевен споменик несомнено е настанат во Охридската книжевна школа. Старата претпоставка на В. Јагич дека споменикот е напишан во западна српско-хрватска јазична област веке нема од никој потврда.

Во Маринското евангелие во фонетиката е изразена вокализацијата на еровите во силна позиција во О и Е, во морфологијата се срекава архаичност, а во лексиката е изразен првобитниот Кирилометодиев превод на евангелскиот текст.

Овој книжевен споменик е значаен и по својата орнаментика т. е. во него се срекаваат минијатури за евангелистите Марко, Лука и Јован.

Споменикот е издаван и проучуван од повеќе автори меѓу кои се Јагич, Срезневски, Пуцко и др.[17]

Освен глаголски книжевни културно-историски споменици од Охридската книжевна школа од X-XI век сочувани до денес познати се и неколку кирилски споменика меѓу кои за одбележување се следните:

1. Македонски кирилски лист од XI век. Тоа е еден пергаментен лист испишан со старо уставно писмо. Ракописот по содржина претставува толкување за начинот на преведувањето на Светото писмо од грчки на словенски јазик, или фрагмент од Прологот на Јоан Егзарх. Листот е пронајден од рускиот историчар А. Ф. Гилфердинг во 1868-1869 за време на неговото патување по Балканските земји. Сега се чува во Академијата на науките во Ленинград во збирката на Срезневски бр. 63.

Споменикот е проучуван и издаван од повеќе научници меѓу кои прв е Г. А. Илински[18].

2. Ресенски фрагмент од поосен триод, од крајот на XI век.

Тоа е еден пергаментен лист, палимпсест. Старото писмо добро е исчистено така што тешко може да се забележи со голо око, но со помош на технички средства добро се гледа, така што се мисли дека избришаното писмо било кирилско од средината на XI век. Меѓу редовите се забележуваат внесени со црвено мастило екфонетски нотни знаци од најстар тип. Според јазикот ракописот потекнува од Југозападна Македонија т. е. од Охридската книжевна школа. Овој значаен македонски книжевен споменик е најден меѓу книгите на еден македонски свештеник, емигрант од Ресен, којшто емигрирал во 1918 год. во Бугарија. Книгата ја подарил на Библиотеката при БАН Христо Кодов, каде што и сега се чува под бр. 37[19].

3. Новгородски (Кипријанови ливчиња). Фрагмент од апракосно евангелие од XI век. Содржи само два пергаментни листа што се чуваат во Публичната библиотека во Спб. под сиг. F. п I 58. Порано овој споменик му припаѓал на рускиот археолог Ј. К. Кипријанов поради што се познати и како Кипријанови ливчиња. Целиот ракопис од овие фрагменти бил испратен од Македонија во Русија во времето на цар Самуил како царско евангелие кое што покасно послужило како предлошка за пишување на Остромировото евангелие (1056 год.). Фрагментото отпрво бил сопственост на црквата Св. Софија во Новгород, каде што отпрво било и доставено. Ракописот е пишуван со крупно уставно писмо.

Јазикот на овој споменик упатува на охридска провинциенција. Има мешање на еровите и нивна вокализација, а носовките се зачувани на своите етимолошки места. Во фрагментот се зачувани и музички екфонетски знаци од најстар тип. Споменикот е проучува од повеќе истражувачи меѓу кои и од познатиот славист и византолог Владимир Мошин[20].

Општо земено книжевните културно-историски споменици од Охридската книжевна школа се одликуваат со следните карактеристики:

1. Архаичност што упатува на првобитната Кирилометодиева традиција кај Јужно словенските народи.

2. Јазични карактеристики во фонетиката вокализација на еровите и мешање на носовките, во морфологијата и лексиката моравизми кои директно се одразиле во првонастанатите книжевни споменици во времето на Св. Климент и Наум Охридски.

3. Раскошна орнаментика и висока писменост што упатува на развиена книжевна традиција.

БЕЛЕЖКИ

1. Донка Петканова. Старобългарска литература. Енциклопедичен речник. София, 1992, с. 367.
2. Горги Поп-Атанасов. Речник на старата македонска литература. Скопје, 1989, с. 141-142 и 201-202.
3. Стефан Кожухаров. Песенното творчество на старобългарския книжовник Наум Охридски. Литературна история, 1984, бр. 12, с. 3-19.
4. И. И. Срезневский. Исследования и замечения о древних памятниках старославянской литературы. С. Петербург, 1856, с. 135-166.
5. V. Jagic. Quatuor evangeliuorum codex glagoliticus, olim Zographensis nuns Petropolitanus, Berolini, 1879.
6. J. Vajs J. Kurs. Evangeliorum Assemani. Prag, I t. 1929 i II t. 1955.
7. Мочульскій. Описание рукописей В. Григоровича. Одесса, 1890, с. 4.
8. И. И. Срезневский. Древние глаголические памятники. Спб, 1866, с. 76-87.
9. Н. К. Грунский. Охридское евангелие. - Изв. ОРЯС, т. XI, 1906, бр. 4, с. 157-164.
10. Г. А. Ильинский. Охридские глаголические листки. Отрывок древне - церковно-славянскаго евангелия XI в. - Известия Отделения русского языка и словесности. Петроград, 1915 год.
11. L. Geitler. Psalterium glagolski spomenik manastira Sinaibrda. Zagreb, 1883; С. Северьянов. Синайская псалтырь. Глаголский памятник XI века, Петроград, 1922.
12. Моше Албауер. Синајски псалтир - Глаголски рукопис од XI век. Скопје, МАНУ, 1971; S. I. Tarnanidis. The slavonic manuscripts discovered in 1975 at. st. Catherines monastery on Mount Sinai. Thessaloniki, 1988, 87-90, 249-282.
13. Горги Поп-Атанасов. Речник на старата македонска литература. Скопје, 1989, с. 248.
14. S. I. Tarnanidis, сп. дело, с. 65-86, 219-248; L. Geitler. Euchologium, glagolski spomenik manastira Sinajbrda. Zagreb, 1882; R. Nahtigal. Euchologium Sinaticum. Staroslovenski glagolski spomenik, I del fotografski pasnetek. Ljubljana 1941, II del tekst s komentarjem. Ljubljana, 1942.
15. Г. А. Ильинский. Македонский глаголический листок. Отрывок глаголического текста Ефрема Сирина XI века. - Памятники старославянского языка. т. I, N 6, Спб. 1909.
16. И. Гошев. Рилските глаголически листи. София, 1956.
17. В. Ягич. Памятник глаголический письменности. Маринское четвероевангелие с примечаниями и приложениями. Спб. 1883; И. И. Срезневский. Глаголское четвероевангелие В. И. Григоровича. - Известия Императорской академии наук. II, 1853; В. Пуцко. Изображения евангелистов на страницах древнеславянской рукописи. Slovo, 35 (1985) Zagreb, 1985, 115-130.
18. Г. А. Ильинский. Македонский листок. Отрывок памятника кирилловской письменности XI-XII вв. с приложение двух фототипических снимков. - Памятники старославянского языка. Спб. 1906.
19. Хр. Кодов. Опис на славянските ръкописи в библиотеката на Българската академия на науките. София, 1969, с. 61-62, табл. XVI-XVII.
20. Владимир Мошин. Новгородски листки и Остромирово јеванђеље. - Археографски прилози. Београд, бр. 5, (1983), с. 7-64.